*Четврто поглавје од книгата „Духопридвижна труба“ на Старец Јосиф*



# ЧЕТВРТИОТ ЗВУК НА ТРУБАТА

**наречен според четирите стихии од кои е составен човекот, кој нè известува за**

## ПРОСВЕТЛЕНИЕТО ОД БОЖЕСТВЕНАТА БЛАГОДАТ

Бидејќи нашето слово, возљубени, одново тече по ред, поттикнувајќи нè да зборуваме и привлекувајќи кон подоброто, еве и јас - откако како Јаков поставив столб (сп. Битие 28, 18) и откако ја помажав со солзи место со елеј новата глава на своето слово - започнувам беседа за Боговидението.

И така, сега ние, колку што можевме, ги доведовме во ред телото и умот и притоа со Божја помош мажествено го совладавме мнението, подобно на воин кој откако се обучил на подвиг и созерцание излегува во борба - како божествениот Давид против Голијат - и по враќањето со победа, за награда како царска ќерка добива зрак од благодатта на Царот Христос. Нешто слично сторивме и ние, и бидејќи текот на словото нè повика, а подвигот упати кон тоа, треба да прословиме и за слегувањето на просветлението на божествената благодат, како и за тоа како истата да ја разликуваме од прелеста. Знаеме дека ако на оној што пробал вино и ја вкусил неговата сладост му дадат оцет, тој веднаш го препознава и се одвраќа од него. Исто е и со божествената благодат: кој го познал и вкусил нејзиниот плод, така што умот и мислата му се просветлени од благодатта, јасно ќе го препознае оној што како крадец доаѓа и го донесува плодот на прелеста.



А ти, внимавајќи на моите зборови, опитно препознавај ја прелеста. Доколку пак поверуваш во нејзината вистинитост заслужено ќе потонеш во мрак, бидејќи умот кога ќе го задржи вниманието на прелеста веднаш се расејува. Како економ на срцето, тој за храна му го дава покажаното од прелеста и тоа веднаш се поматува. Тогаш човекот се дуе - слично на мев - од темен и нечист воздух, така што дури и косата му се накострешува и тој целиот станува поматен и неспокоен.

А божествената благодат - како што ја спознав со духовното чувство од опит и како што сведочат оние што ја познаваат - е одблесок на божествената светлина, кој се спознава при созерцание со чист ум и се јавува како тенкосетна мисла, пријатен и пресладок мирис, молитва слободна од мечтаење, избавување од помислите или најчист живот. Благодатта е совршено мирна, смирена, безмолвна, очистителна, просветлувачка, радостотворна и лишена од секакво мечтаење. Во благословениот миг на доаѓањето на благодатта, нема место за никаков сомнеж дека е тоа навистина божествената благодат, бидејќи во оној што ја прима таа не побудува никаков страв или недоверба.

А ти, слушателу, оттргни си го умот од видливото и вештественото и со ревност внимавај на моите зборови за да ти се наслади душата кога ќе ја сфатиш смислата на напишаното. И така, ќе почнеме, и кога ќе стапнеме на подножјето, чекор по чекор ќе се искачиме на врвот на божествената тврдина за да ја спознаеме смислата и начинот на слегување на божествениот Женик во нашето ништожно живеалиште. Сите богоповикани монаси (не зборувам за оние што стапуваат во монаштво под влијание на животните околности) се повикани од божествен зрак, кој се нарекува божествена благодат. А житието на монасите е следното.

Кога благодатта, како што кажавме, самата ќе го просветли човекот, тој се оддалечува од светот и го остава одејќи во општежителен манастир и живее со други отци и браќа, покажувајќи послушание кон сите и смирувајќи ги желбите на душата. Штом ќе му се успокои совеста тој се стреми, според силите, да ги запазува Божјите заповеди, следејќи го со дела својот духовен раководител и исполнувајќи ги задолженијата дадени од отците, и со добра надеж ја очекува милоста на човекољубивиот Бог. Таков е општиот пат, по кој одат мноштво добродетелни отци.

Постои и друг пат, во нашите дни тешко прооден и обраснат во трње заради недостиг на патници, макар што во дамнешни времиња сите богоносни отци врвеа по тој пат. Затоа и јас, најмалиот, со душа пламната од божествена ревност, заради ползата на моите браќа се нафатив на овој мал труд, покорувајќи му се на Божјото повеление, кое вели: *И така, оној што ќе наруши една од тие најмали заповеди и така ги научи* оние што сакаат да го послушаат*, најмал ќе се нарече во Царството небесно; а оној што ќе ги исполни и поучи, тој голем ќе се нарече во Царството небесно* (Мат. 5, 19). И јас премногу ја возљубив оваа заповед за љубовта и бидејќи не се задоволив со списите на боговдахновените Отци, решив да ги запишам сопствените невешти слова, зашто ако тоа се покаже полезно макар за еден брат, ќе добијам награда од Господ за својот труд. Доколку пак сум недостоен да му принесам полза на другиот, и во таков случај не ќе бидам лишен од својата награда, туку размислувајќи и внимателно изучувајќи го тоа за што пишувам, ќе ја разбудам барем сопствената кутра душа од голема бесчувствителност.



Треба да сфатиш дека патот за кој говоревме не е измислица на човечкиот разум туку е вдахновение од Самиот наш Владика, Кој го упатува секого, како што Самиот ќе посака, кон исполнување на Неговата света волја. И така, ако Човекољубецот Бог испрати зрак од Својата божествена благодат и тој влезе во душата на оној што согрешува пред Него, тој човек веднаш станува и бара духовник за да се исповеда.

Тој го допира Светото Писмо и со нетрпение ги објавува лошите дела што ги извршил. Бара прибежиште во пустините и пештерите, каде што може да најде место за осаменост и да започне борба со страстите, за да ги поправи своите поранешни гревови со суров живот, трпејќи глад, жед, студ, пот и земајќи на себе други подвизи, за кои зборуваат примерите на светителите.

А Преслаткиот Господ го умножува во него жарот и тој, како пламната печка, го топли човековото срце, поттикнувајќи го кон огнена божествена љубов, кон безгранична ревност во исполнувањето на божествените заповеди, како и кон голема омраза кога се во прашање гревовите и страстите. Тогаш тој започнува со голема усрдност да им раздава сѐ што има на оние што имаат потреба - било да е тоа многу или малку - зашто го возљубил нестекнувањето и сака да има удел со оние што копнеат по Христа. И бидејќи според силата ги запазува божествените Христови заповеди и врз него е фрлена онаа мрежа на божествениот призив, тој, слично на риба уловена на јадицата на благодатта, каде што како мамка служи ЉУБОВТА НА РАСПНАТИОТ, повеќе нема сили да го поднесува напливот на брановите на Христовото море во своето срце па ита кон ослепителната светлина на божествената љубов - како елен кон извор - од каде што извираат тие бранови на благодатта.

И ги остава родителите, браќата, пријателите и другите блиски, стремејќи се само кон ЕДНО, само НЕГО барајќи Го, со сите сили посакувајќи да оди по ИСУС. И како ловец што оди по пусти места, бара такво место каде што би можел да го сретне посакуваниот раководител и наставник на душата под чиешто раководство може да се достигне целта која го поттикна кон оваа потрага и да го узнае начинот за духовен раст.

Но за жал, бидејќи во нашево време не е лесно да се најде таков духовен наставник и малкумина одат по тој пат, монахот почнува да плаче зашто не го наоѓа она што било - како што тој има читано - во дамнешно време и коешто огнено го посакува. И што да прави човекот ако жарот на душата го влече кон од него возљубеното безмолвие? Затоа тој се распрашува и бара и Го умолува Бога да му најде опитен наставник и лекар на душата, што како Божји избраник ќе го спаси од мноштвото гревови и ќе го потчини на МАЈКАТА - ПОСЛУШАНИЕТО!

И така, со молитвата и благословот на својот наставник тој ги започнува своите духовни подвизи. Како што раскажуваат Житијата на преподобните Отци, оние коишто во нивно време имале таков жар, откако го поминале искушеништвото и се облекле во ангелскиот образ, заминувале во пустина заради безмолвие, носејќи ги со себеси молитвите и благословот на старецот како оружје непобедливо за непријателот. Од време на време оделе по духовна поука, за да ја нахранат душата. Други пак, живеејќи заедно со старец, добивале благослов во определено време да се предадат на безмолвие и да практикуваат секакви добродетели: плач, пост и бдение, непрестајна молитва, читање од Житијата на светиите, кои предизвикуваат скрушеност, правење метании според силите, и воопшто, грижа за чистотата и борба со страстите. Но на овој или оној начин сите тие пребивале во безмолвие.

Впрочем, те молам, возљубен, обрати уште малку внимание слушајќи го со расудување кажаното од нас, и кога ќе го слушнеш зборот „безмолвие“, не мисли дека за секого е лесно да пребива во него без да се изложи на некоја душегибелна опасност. Зашто и во дамнина и сега многумина отпаднаа од своите старци не затоа што гореа од божествена љубов кон благоугодување на Божјата волја, туку затоа што го возљубија спокојот за да им служат на страстите, бидејќи не го поднесоа послушанието во Господа што бара заради Него да истрпиме разобличувања и навреди. На тој начин, претпочитајќи ја сопствената волја, тие од незнаење го отфрлаат Исус, нашиот Господ, Кој пројави послушание дури до Крст и смрт. Таквите, станувајќи робови на страстите - ГНЕВОТ и ЖЕЛБАТА - им се потчинуваат како на свои господари и со готовност го извршуваат она што им е ним угодно. И бидејќи навиката се вкоренува и станува закон, тие наполно се отклонуваат од патот и паѓаат во прелест.

Додека оној што вистински пребива во безмолвие по указ на Божјата волја, постојано си ги оплакува гревовите, искрено страдајќи за својата душа. И каејќи се за лошото минато тој се грижи за секоја блага добродетел, со сета душа им се доверува на зборовите на својот наставник и си го предава на подвизи телото како жртва принесена на Исусовата љубов, подготвен да умре за Него доколку е можно тоа. Тој се труди да го восредоточи умот во срцето, како што учат отците исихасти, и вдишувајќи и издишувајќи ја кажува во умот молитвата: „ГОСПОДИ ИСУСЕ ХРИСТЕ, СИНЕ БОЖЈИ, ПОМИЛУЈ МЕ!“

Тогаш - како што дишењето ѝ дава живот на плотта - умот, соединет со молитвата, ја воскреснува умртвената душа, и човекот, слично на усрден работник што настојчиво бара милост, малку по малку ја чувствува со умот божествената утеха, просветленоста.

И ова е првото скалило за монахот кој како почетник во потрага по Богојавлението го нашол патот што води до него и оди по блажениот пат со убеденост дека го врви вистинскиот пат. Во почетокот имало, како што рековме, зрак на Божјиот призив, кој единствен го помагал нашето очистување. Но тогаш човекот сеуште не можел со чувството да го препознае божественото дејство, невидливо за сите а чувствувано само понекогаш на телесен начин, кое донесува леснотија и духовни помисли, плач и солзи, сеќавање на сторените гревови и скрушеност заради нив, како и стремеж кон подвизи и природно и богоугодно созерцание на созданието, коешто обилно ја наследува нашата душа но сеуште не е она умствено гледање на несоздадената пресветла светлина, која што ни го најавува тоа преблажено дејствие секогаш доаѓајќи како леко ветре.

Тоа, миејќи го умот како божествена бања, го очистува и предизвикува совршена промена на целото тело, омекнувајќи го срцето, значително ги засилува достоинствата својствени на умот по природа и раѓа пламена ревност, солзи и неискажлива љубов кон Господ.

А штом ова ќе престане, кога ќе посака богоподвижната сила, таа пресветла светлина одново се крие и ти остануваш сам, небаре помажан со благомирисен елеј. Како мајка благодатта го носи на раце и воспитува тој свештеник (умот) како младенец и кога нашата мајка (благодатта) доаѓа, тој игра и се радува. А кога таа одново се оддалечува тој плаче и силно повикува зашто не ја познал премудроста на Светиот Бог и не знае на кој начин „поткраднувајќи“ нè Тој придобива спасение за нас.

А оној што не е вака испитан секој пат кога благодатта ќе биде тргната од него смета дека таа заминала засекогаш и затоа се принудува себеси на пост, бдение, молитви и прозби, барајќи начин да ја задржи, зашто мисли дека може да ја привлече божествената утеха со сопствени дела. А нашите непријатели, демоните, го вознемируваат монахот на разни начини, та тој уште поусрдно со солзи ја проси божествената помош. Ова се случува со дејство на божествената промисла а за негово поучување.

А кога мајката одново ќе се врати и ќе му ја подаде градата на безграничната радост и љубов, тој уште понастојчиво бара некаков начин засекогаш да се соедини со таа небесна радост и веќе никогаш да не се раздели од неа. И како расплакан младенец повикува: „Тешко мене! Тешко мене! О, Преслатка Љубов, зошто ме остави и се оддалечи од мене така што свирепите демони скоро ме задушија? Тешко мене! Тешко мене, бедниот! Што да направам за да Те задржам и непрестајно да Ти се насладувам? Да, Спасителу мој, поштеди ме и веќе не ме оставај, туку престојувај со мене во овој живот. А кога ќе го напуштам овој живот, нека поминам со Тебе низ митарствата! Тешко мене во оној ден!“

Макар тој да го вели тоа и уште многу други нешта, Бог ни најмалку не внимава на неговата молитва, и откако божествената утеха ќе го наслади подвижникот со мед, кај него одново доаѓа горчината на пелинот. Но бидејќи садот поради честото помазание станува почист и поприготен за да го прими божественото просветление, тоа започнува и почесто да доаѓа и подолго да се задржува така што станува навика, додека тој, младенецот по премудрост и разум, се здобива со смелост зашто смета дека тоа му е дадено како награда за неговиот труд.

Таа состојба продолжува три или четири години (некогаш повеќе, некогаш помалку), постојано поучувајќи и умудрувајќи го човекот. Притоа страстите му се смируваат и демоните бегаат далеку од него, неспособни повеќе да му наштетат заради неотстапниот штит што го чува.

Но нашата природа има навика наскоро да ни донесе наситување при големото изобилие на некоја утеха, зашто носиме плотско и тешко тело и заради тоа брзо се наситуваме и за нас е потполно невозможно да останеме во една иста состојба доколку сеуште не сме го достигнале БЕСТРАСТИЕТО, за коешто подоцна ќе проговориме.

Ако се наоѓаме во некоја непроменлива состојба и не растеме постојано, тогаш, бидејќи носиме трулежно тело, само што сме се наситиле со вишото, веднаш се свртуваме и паѓаме во бездејност, како што зборува за храната вистинското слово (види Броеви 11, 4-6).

Зашто, откако ќе се насити со една храна човекот посакува друга, а откако ќе се насити и со неа, веднаш се стреми кон уште подобра. Дури и ако се насити со МАНА, исполнета со секоја сладост (бидејќи таа ја надминува секоја желба, поради што и е наречена храна на ангелите), и тогаш наскоро, немајќи подобар предмет на желбата, се врти назад и посакувајќи кромид и лук ја унижува од Бога пратената храна (сп. Броеви 11, 6).

Но бидејќи подвижникот е сеуште неискусен и не го поседува неопходното знаење што е потребно за да се препознае Промислата на човекољубивиот Бог - зашто на тој степен неговите умствени очи сеуште се слаби и тој не ја разликува светлината од темнината, а добродетелите се измешани во него со страстите - тој мисли на неправилен начин, почнувајќи да прима високоумни помисли, коишто неодамна ги отфрлил и одново тоне во нив. Но и овде дејствува Домостројот на Творецот, којшто е во служба на поучување на подвижникот. А ние да го воспочитаме по достоинство со песни Спасителот, Кој на многу начини се грижи за ползата на нашата душа, доведувајќи нè до бескраен, во вечните векови живот. Амин!

*превод од бугарски: сестринството*
*од ман. Пресвета Богородица Елеуса*

